Врз основа на член 39 став 3 на Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2005, 47/2006 и 42/2007), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕДАВАЊЕ, ПРИЕМ И ЧУВАЊЕ НА ОРУЖЈЕТО И МУНИЦИЈАТА ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА СОПСТВЕНИКОТ НА ОРУЖЈЕТО, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА КОИ СЕ ПРЕДАВААТ НА НАДЛЕЖНИОТ ОРГАН

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на предавање, прием и чување на оружјето и муницијата во случај на смрт на сопственикот на оружјето, како и формата и содржината на потврдата за оружје и муниција кои се предаваат на надлежниот орган.

Член 2

Оружјето од Б, Ц и Д категорија во сопственост на физичко лице кое починало, се пренесува до најблиската полициска станица (во натамошниот текст: полициска станица), од страна на полнолетните членови на семејство на починатиот сопственик на оружјето или од други полнолетни лица кои со починатиот сопственик на оружјето живееле во исто семејно домаќинство.

Член 3

При предавање на оружјето од член 2 на овој правилник, од страна на полицискиот службеник се легитимира лицето кое го пренело оружјето, за да утврди во какви односи е со починатиот сопственик на оружјето, како и проверува дали оружјето е во сопственост на некое друго физичко лице.

По извршување на активностите од став 1 на овој член, од страна на полицискиот службеник се врши увид на предаденото оружје и на оригиналните примероци од документите кои се однесуваат на оружјето.

По извршување на увидот од став 2 на овој член, од страна на полицискиот службеник се пополнува потврда, во која се внесуваат податоците за:

- полнолетниот член на семејството на починатиот сопственик на оружјето или на друго полнолетно лице кое со починатиот сопственик на оружјето живеело во исто семејно домаќинство и кое го пренело оружјето до полициската станица;
- оружјето (тип, вид, марка, категорија, фабрички број, количина, калибар и други карактеристики на оружјето);
- починатиот сопственик на оружјето;
- документите за оружјето и
- полицискиот службеник кој го примил оружјето.

По пополнување на потврда од став 2 на овој член, од страна на полицискиот службеник се издава потврдата на полнолетниот член на семејството на починатиот сопственик на оружјето или на друго полнолетно лице кое со починатиот сопственик на оружјето живеело во исто семејно домаќинство.

Потврдата од став 2 на овој член е изработена на хартија во бела боја со димензии од 21 x 30 сантиметри и истата е составен дел на овој правилник.

Член 4

По приемот на оружјето, од страна на полицискиот службеник во Регистарот за одземено, пронајдено и предадено оружје и муниција се запишуваат следниве податоци за: редниот број на уписот; името, презимето, живеалиштето, престојувалиштето и ЕМБГ на физичкото лице кое го предало оружјето, односно кое го пронашло оружјето;

категорија, тип, односно видот марката, калибарот и фабричкиот број на оружјето; датум и место на предавање, односно пронаоѓање на оружје; моменталната состојба на оружјето и други податоци што се од значење за промена на податоците кои се претходно запишани во регистарот.

Член 5

За оружје од Б, Ц и Д категорија, кое е пронајдено, соодветно се применуваат одредбите од членовите 2, 3 и 4 на овој правилник.

Оружје од А категорија кое е пронајдено, веднаш се пријавува во полициската станица, од страна на физичкото лице кое го пронашло оружјето.

Одредбите од членовите 3 и 4 на овој правилник, соодветно се применуваат и при приемот и постапувањето со оружјето од став 2 на овој член.

Член 6

По приемот на оружјето, од страна на полицискиот службеник веднаш се доставува оружјето до магацинот на секторите за внатрешни работи на Министерството за внатрешни работи.

По доставување на оружјето во магацинот од став 1 на овој член, оружјето се чува во посебно обезбедена просторија (во натамошниот текст: просторија).

Во просторијата од став 2 на овој член, оружјето се чува на рафтови или во метални контејнери на начин што обезбедува лесен пристап до оружјето.

Оружјето се чува одделено од муницијата, освен оружјето и муницијата што се сместени во посебни метални или дрвени контејнери.

Член 7

Вратата на просторијата треба да биде направена од зајакнат метал или тврдо дрво, со метална плоча од надворешната страна со зацврстени затворачи и дополнително обезбедена со сигурносна брава и резе.

Вратата од став 1 на овој член треба да се отвара нанадвор од просторија во која се чува оружјето.

Член 8

Прозорците во просторијата треба да бидат направени од зајакнат метал или тврдо дрво, со метална плоча од надворешната страна со зацврстени затворачи.

Бројот на прозорците од став 1 на овој член треба да биде минимален.

Од надворешната страна, прозорците од став 1 на овој член, треба да бидат заштитени со метална мрежа, чии составни делови треба да формираат отвори со димензии не поголеми од два сантиметри.

Член 9

Температурата во просторијата треба да се движи од минус 10 степени целзиусови до плус 25 степени целзиусови.

Релативната влажност во просторијата не треба да биде поголема од 75 проценти.

Член 10

За време на чувањето на оружјето во просторијата, од страна на полицискиот службеник задолжен со клучот на просторијата, се врши секој ден најмалку еднаш проверка на оружјето кое е примено на чување.

Ако за време на проверката од став 1 на овој член се утврди дека недостига оружје кое е примено на чување, од страна на полицискиот службеник веднаш се изготвува извештај, во кој се внесуваат следните податоци:

- називот на секторот за внатрешни работи во која се чува оружјето;
- оружјето кое недостига (тип, вид, фабрички број, калибар и други карактеристики на оружјето);
- датум, време и околностите под кои оружјето е исчезнато;
- мерки кое се преземени за утврдување на одговорноста за исчезнување на оружјето и
- други факти кои се значајни за настанот.

Извештајот од став 2 на овој член се доставува до началникот на Секторот за внатрешни работи каде се чува оружјето.

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 13.1-26748/1
18 април 2007 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

**СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ________________**

**__________________________________________________**

**__________________________________________________**

**Број ______________________**

**____________________година**

____________________

Врз основа на член 39 став 1 од Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ број 7/2005, 47/2006 и 42/2007) и член 3 став 3 од Правилникот за начинот на предавање, прием и чување на оружјето и муницијата во случај на смрт на сопственикот на оружјето, како и формата и содржината на потврдата за оружје и муниција кои се предаваат на надлежниот орган („Службен весник на Република Македонија“ број__/2007), се издава

# П О Т В Р Д А

На ден _________________ во просториите на ___________________________________

лицето______________________________________________________________________________

роден-а_______________година, во _____________________________, со живеалиште, односно

престојувалиште__________ ______________________________________________________

чиј идентитет е утврден со лична карта/патна исправа број _________________________издадена

од ____________________________________, во сродство со починатиот сопственик на оружјето

___________________________го предаде следното оружје и муниција

| Реден број | Тип/вид | Марка | Категорија | Калибар | Фабрички Број | Количина | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

| Реден број | Тип/вид | Марка | Категорија | Калибар | Фабрички Број | Количина | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Предадено е оружје и муниција заклучно со реден број ___________ и истото е предадено во _____________________________ состојба.

Предаденото оружје и муниција е сопственост на лицето ___________________________, роден-а_______________година, во _____________________________, со живеалиште, односно престојувалиште_________________________________________________________ , кое починало на ден _________________, за што доставен е извод на матична книга на умрените_____________. За предаденото оружје, починатиот поседува документ ___________________ издаден од ________________________________.

Предаденото оружје е пронајдено на __________________________________

Предаденото оружје е примено од полицискиот службеник ____________________________________________________, распореден на работно место ______________________________ во _____________________________________________________

Предаденото оружје и муниција се чува три дена во Полициска станица_________________, по што до крајот на оставинската постапка, односно до истекот на рокот од три месеци за пронаоѓање на сопственикот на оружјето и муницијата, се чува во магацинот на Секторот за внатрешни работи _______________________.

Потврдата е изработена во шест примероци, од кои два за физичкото лице кое го предало оружјето и муницијата.

__________________________________ **М. П.** ____________________________

**ПОТПИС НА ЛИЦЕТО КОЕ ГО ПРЕДАЛО ОРУЖЈЕ**

**ПОТПИС НА ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИК**